# Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 70, став 4 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Банката, на Седницата на Годишното собрание, одржано на 27.5.2026 година, ја донесе следната

**Одлука**
за промена на називот на адресата на седиштето на
Централна кооперативна банка АД Скопје

**Член 1**

Се врши промена на називот на адресата на седиштето на Централна кооперативна банка АД Скопје, согласно со Одлуката за определување и промена на имиња на улици, мостови и плоштади на подрачјето на град Скопје, донесена од Советот на Град Скопје.

**Член 2**

(1) Врз основа на Одлуката од член 1, новиот назив на адресата на седиштето на Банката е: ул. „Столтенбергова“ бр. 2, во Скопје.
(2) Локацијата на седиштето на Банката, останува непроменета.

**Член 3**

Се овластува Управниот одбор на Банката до Народната банка на Република Северна Македонија да поднесе Барање за согласност за промена на седиштето на Банката. Се овластува Управниот одбор на Банката по стапувањето во сила на оваа одлука, да ја поднесе пријавата за упис во Трговскиот регистар и пред надлежните институции да ги спроведе останатите активности поврзани со промената на називот на адресата на седиштето.

**Член 4**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнувања на оваа одлука по евентуално барање на Народната банка на Република Северна Македонија и други институции надлежни за спроведување на уписот, како и измени коишто имаат технички карактер или се резултат на промени во законската и во подзаконската регулатива.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила со нејзиното усвојување од Собранието на акционерите на Банката и по добивање согласност за промена на седиштетото на Банката од Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 6**

Одлуката ќе се применува по добивањето претходна согласност од Народната банка на Република Северна Македонија.

***Образложение***

Од страна на Банката, утврдено е дека со Одлуката за определување и промена на имиња на улици, мостови и плоштади на подрачјето на град Скопје, донесена од Советот на Град Скопје, направена е промена на името на улицата (адресата) на објектот во којшто се наоѓа седиштето на Централна кооперативна банка АД Скопје, на начин што досегашната адреса ул. „1732“ број 2, Скопје - Центар е променета и називот на адресата на седиштето на друштвото е: ул. „Столтенбергова“ број 2, Скопје.

Промената на имињата на улици, плоштади и мостови на подрачјето на град Скопје се врши со одлука на надлежен орган и истотото ја наметна како нужност, потребата од евидентирање на соодветните промени во согласност со закон.
Од погоре наведените причини, следуваше Собранието на акционерите да одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**СА бр. 0201 – 18**
**27.5.2026 год.**
**С К О П Ј Е**

**Претседавач,**
**г. Смилен Цинцарски**

Централна кооперативна банка АД * Скопје *